Врз основа на членот 94 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ, бр. 82/18 и 178/21) и членот 85 точка 17 и членот 101 од Статутот на Универзитетот во Тетово, Сенатот на Универзитетот во Тетово, на седницата одржана на ден 12.05.2023 година, донесува

**ОДЛУКА**

за формирање Универзитетска изборна комисија за спроведување на постапката за избор на ректор на Универзитетот во Тетово, за мандатен период 2023 - 2026 година

**Член 1**

(1) Се донесува одлука за формирање Универзитетска изборна комисија за спроведување на постапката за избор на ректор на Универзитетот во Тетово, за мандатен период 2023 - 2026 година, во следниот состав:

1. Фламуре Ибраими Садику –Природно-математички факултет
2. Ќенан Ферати – Факултет за медицински науки
3. Зеќирја Идризи – Филозофски факултет
4. Беса Догани – Педагошки факултет
5. Милазим Камбери – Факултет за физичка култура
6. Метин Изети – Факултет за Уметности
7. Ндерим Зеќири – Факултет за применети науки.

(2) Членовите од ставот (1) на овој член се избрани јавно со мнозинство гласови од присутните членови на Сенатот на Универзитетот во Тетово.

(3) Правата и обврските на Универзитетската изборна се утврдени со Законот за високото образование (Службен весник на РМ, бр. 82/18 и 178/21) и Статутот на Универзитетот во Тетово, и тоа ги врши следниве надлежности:

- донесува упатство со кое се утврдува: нејзината работа и работата на изборните комисии на единиците, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, рокот, начинот на комуникација и доставување документација, акти, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната

документација и за други прашања поврзани со постапката за спроведување на гласањето и утврдување на резултатите од гласањето;

- од своите членови избира претседател и заменик-претседател. Изборот на претседател се врши на конститутивната седница. До изборот на претседател со седницата претседава највозрасниот член;
- утврдува рокови во кои треба да се формираат изборните комисии на единиците;
- именува членови на изборна комисија доколку единицата во утврдениот рок не формира изборна комисија;
- дава задолжителни инструкции до изборните комисии на нивно барање или по сопствено наоѓање;
- утврдува временска рамка за спроведување на потребните дејствија за избор на ректор;
- го одредува денот на гласање;
- ги утврдува обрасците на гласачките ливчиња и на записникот за резултатите од гласањето за избор на ректор на единиците на Универзитетот;
- го утврдува образецот на записникот за резултатите од гласањето на единицата и за крајниот резултат;
- одлучува по приговори во согласност Статутот на Универзитетот;
- врз основа на резултатите од гласањето го прогласува избраниот кандидат за ректор;
- ги сумира резултатите од гласањето за избор на ректор и јавно ја објавува одлуката за избраниот кандидат;
- други права и обврски утврдени со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и Упатството на Комисијата.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Претседател на Сенатот,**
**Проф. д-р Вулнет Амети**